АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.05.2015

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 3658 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 01.01.2014 до 31.12.2014 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 мај 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски на радиодифузерите за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во текот на 2014 година ги исполни обврските од член 91 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Од вкупно емитуваните програми во текот на годината што влегуваат во пресметка за европски аудиовизуелни дела, 70% беа европски аудиовизуелни дела.

Воедно, Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, од буџетот наменет за програми издвои 30,23% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***